## Водовод и канализација

- Пријавете секое течење на вода било да е од водовод или канализација;
- Пријавете дефект на водоводна инсталација;
- Пријавете ако има запушување на канализациона мрежа;
- Пријавете паркирано возило над водоводна или канализациона шахта;
- Пријавете ако некој гради над водоводната или канализационата мрежа;
- Пријавете ако некој врши ископ на подземната водоводна или канализациона мрежа;
- Пријавете приклучок на водоводна или канализациона мрежа без присуство на овластени лица од ЈП "Комуналец" - Крива Паланка.

## Сообраќајна сигнализација

- Пријави потреба за поставување на сообраќајна сигнализација на одредени локалитети согласно сообраќајните прописи;
- Пријави оштетување на постојната сообраќајна сигнализација.

## Упатство за користење на системот

Од листата на проблеми во менито на системот одберете го вашиот проблем. Во пријавата наведете ја точната адреса (улица и број) или поблиску опишете ја локацијата на која треба да се изврши интервенција. Напишете ги вашите контакт информации за да може да одговориме на вашата пријава и да ве информираме.

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



# Е-Општина Пријави проблем

www.krivapalanka.gov.mk
http://service.krivapalanka.gov.mk/

# Е-Општина
# Пријави проблем




Системот ви овозможува во секое време од денот, седум дена во неделата, преку интернет порталот на нашата општина да пријавите комунален проблем кој нашите служби ќе се обидат да го решат или да ве информираат до каде е решавањето на проблемот во најкраток можен рок.

www.krivapalanka.gov.mk
http://service.krivapalanka.gov.mk

## Што се можете да пријавите од листата:

### Улично осветлување

- пријавете дефект на улично осветлување.

### Улици, патишта и тротоари

- пријавете оштетување на асфалт, бетон, камени коцки и бекатон;
- пријавете работа на патишта, улици и тротоари

### Објекти склони на рушење

- пријавете објекти склони на рушење: стари куќи, потпорни ѕидови и сл.

### Урбана опрема

- пријавете оштетување на урбана опрема: клупи, корпи за отпадоци и детски забавни паркови.

### Градба и дива градба

- пријавете почеток на изградба на нов објект, доградба и надградба на постоечки објект.

### Животна средина

- пријавете непријатна миризба, загадување на амбиентален воздух, површински води (реки и езера);
- пријавете долготрајна и честа појава на бучава од угостителски објекти, работа на машини и постројки.

### Отпад

- пријавете несовесно постапување со комунален, комерцијален, индустриски неопасен отпад, растителен отпад, отпад од пакување, отпадни масла, искористени (хаварисани) возила, проблеми со собирање и транспорт на отпад од ЈКП, отпад во приватен имот кој предизвикува нарушување на здравјето на луѓето, градежен шут на регионални патишта и во природа.

### Кучиња скитници

- пријавете присуство на кучиња скитници на јавна површина кои се болни и агресивни.

### Јавно зеленило

- пријавете уништување и узурпација на јавно зеленило, зеленило покрај улици, паркови, плоштади, кеј, културно историски споменици, јавни паркиралишта, детски забавни паркови, игралишта, гробишта.

### Гробишта

- Скрнавење на надгробни споменици во гробиштата.